Врз основа на член 207 од ЗРО, член 2 и 3 од Усогласувањето на Општиот Колективен Договор за приватниот сектор од областа на стопанството(пречистен текст) (Сл.весник бр.81/12), член 49 од Колективниот Договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија и Законот за минимална плата во Република Македонија(Сл.весник бр.11/12) Синдикатот на работниците од агроиндустрискиот комплекс на Република Македонија - Агро Синдикат и здруженијата за земјоделство и прехранбена индустрија на Организацијата на работодавачи на Република Македонија, на 10. 07. 2012 година склучија

# С П О Г О Д Б А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКА ОСНОВНА ПЛАТА
(ПРЕСМЕТКОВНА ВРЕДНОСТ ЗА ЕДИНИЦА КОЕФИЦИЕНТ)
ВО КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

**Член 1**

При утврдување на најниската основна плата се поаѓа особено од: трошоците на живот, економските можности, општото ниво на платите на дејност, нивото на продуктивноста, економичноста, рентабилноста, социјалните давања и други економски и социјални фактори и се утврдува во износ од 8.080,00 денари за земјоделство и во износ од 9.100,00 денари за прехранбена индустрија, за 100% остварена норма од утврдената во гранката или полно работно време од просечното годишно 174 часа месечно.”.

Пресметувањето на најниската основна плата (пресметковна вредност за единица коефициент), утврдена во став 1 на овој член, ќе започне да се применува со исплатата на платата за месец септември 2012 година.

Работодавачите од земјоделството и прехранбената индустрија кои имаат повисока најниска основна плата од утврдената најниска основна плата во овој Колективен Договор, ја задржуваат таа најниска основна плата (не можат да ја намалат) и истата задолжително се вградува во Колективните Договори на ниво на работодавач.

Најниската основна плата9пресметковна вредност за единица коефициент) за најнизок степен на сложеност со спогодба ја утврдуваат и објавуваат

потписниците на колективниот договор најмалку еднаш годишно, но не подоцна од 31. 01. тековната година.

**Член 2**

Потписниците на оваа Спогодба за утврдување на најниска основна плата(пресметковна вредност за единица коефициент) во Колективниот Договор за вработените од земјоделството и прехранбената индустрија се обврзуваат да ги вградат одредбите од оваа Спогодба по нејзиното склучување во Колективните Договори на ниво на работодавач, заклучно со септември 2012 година.

**Член 3**

Оваа Спогодба стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на нејзиното објавување во “Службен Весник на РМ”

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ**
**НА МАКЕДОНИЈА**

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ И**
**ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ за земјоделие**
**Томислав Давков**

____________________

**ПРЕТСЕДАТЕЛ за прехранбена индустрија**
**Влатко Ѓеоргиевски**

______________________

**ПРЕТСЕДАТЕЛ на ОРМ**
**Ангел Димитров**

**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ**
**ОД АГРОИНДУСТРИСКИОТ КОМПЛЕКС**
**НА Р. МАКЕДОНИЈА „АГРО-СИНДИКАТ„**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Живко Даневски**

____________________